# План Б: Пионерите на борбата со климатската криза и иднината на мобилноста

**(Excerpt in Macedonian)**

Translated by: Sonja Dolžan
Contact of the translator: sonja.dolzan@gmail.com

КЛУЧНА ФРОНТНА ЛИНИЈА НА ЧОВЕЧНОСТА

*„На располагање ги имаме сите факти и решенија.*
*Треба само да се разбудиме и да се измениме.“*
Грета Тунберг, активистка за климатските промени

Безброј пати – себе си и на најблиските – ветив дека долгогодишниот период на воеското известување го оставив зад себе. Кога започнував, бев меѓу најмладите. Кога почувствував дека е доста, бев меѓу најстарите. *Ослободен* од илузии, заситен од трагедии што се повторуваат, степенуваат; лут, фрустриран, сосема без товар неопходно потребен за урамнотежено битисување. На теренот, покрај илузиите и идеалите, изгубив неколку пријатели и познајници и го потрошив главниот дел на „џокерите“. Слободен избор може, слично важи и за алпинистите, да биде фатална привилегија.

Доста беше, повторував. Себе си. И на другите. Истовремено забрзано ја губев вербата во моќта на својата професија. Новинарството за мене никогаш не било работа туку од шестнаесеттата година па натаму и животен стил. Живот сам по себе. Затоа ми беше дотолку потешко да го прифатам фактот дека нашата – и со тоа и мојата – работа толку брзо и неповратно ја губи својата општествена улога во времево на (а)социјални мрежи и на замавот на вехементните, брзо сварливи мислења врз основа на нула знаење и искуство со патолошкото распрснато внимание. Не поради губењето на улогата „пишувач на првата верзија на историјата“, што им припаѓа на известувачите од теренот, туку поради уништувачките последици што ги има диктатурата на ништото.

Влеговме во *постфактичко* општество, во кое новинарите, а сè повеќе тоа важи и за научниците – го губиме своето место и, на свој начин, и државјанството. Станавме интелектуални апатриди. Но да не заборавам дека сите цивилизации – и *трибализми* – се втемелени на фикцијата. Колективната лага што може нежно да биде преведена како

раскажување приказни веројатно е еволуциски условена. Очигледно се враќаме кон корените. Таму за новинарите (и фактите) нема место.

Всушност никогаш вистински и немало.

***

Да, верував, долго верував дека со новинарството е можно светот да се менува на подобро. Неколку пати, пред сè во личните приказни, имав впечаток дека тоа ми успеало дури и мене. Но одделни приказни за можни движења сè повеќе (ми) се топеа во „големата слика“. Ако твојата работа нема непосреден ефект, се работи само за набљудување со учество = его сафари.

Војните, од кои известував, станаа постојани – станаа *состојба*.

Бегалците, на чии судбини во последната деценија и пол им го посветив главниот дел на својата работа, во очите на Словенија и на Европска унија, на крилјата на возобновениот расизам, ксенофобијата и сè повеќе и фашизмот, станаа нуклеарен отпад. И – гнасна злоупотреба – орудие за политичка борба.

Отвореното, слободно општество што би требало да расте околу нас, е преградено со ѕидови, со бодликави жици, нови (стари) граници, со стрелачки ровови, стражарски кули, паравоени единици...

Идеолошките поделби зајакнаа. Историското сеќавање, селективно, веќе самото по себе, речиси скапа. Историја се пишува *наново*.

Болката на другиот, во најдобар случај, стана деловна категорија. Буквално, социјален капитал.

Останките од етичката супстанција се стопиле заедно со вниманието, темелот и клучот на рефлексијата. Срамот и чувството на вина се сокриле во стрелачките ровови на анонимноста. Надвладеале рефлексите; *неконсеквентносте*. Игра на прва топка. Како сонцето утре веќе да нема да изгрее.

Тешко (беше) да се зачува мотивацијтаа.

***

Кога во есента 2016, уморен и веќе заситен од известувањето од (вечниот) мрак, се вратив во Мосул, каде што го следев бруталниот судир помеѓу ирачките владини сили и самопрогласената Исламска држава, бев речиси решен дека во животот ќе почнам да се

занимавам со нешто друго. Не само што се однесува на новинарската тема и жанр. Воопшто, сакав да избегам од новинарството, својата религија. Се разбира дека не ни сонував каде и што би можело да биде тоа. Ниту приближно.

***

Би можел да набројувам до бесконечност. За шестото големо изумирање на животинските видови – апсолутна последица на човечкото „дејствување“: на Земјата моментално има само половина диви животни во споредба со 1970 година, вкупната маса на луѓето изнесува 30 отсто од вкупната тежина на сите ‘рбетници, 67 отсто мерат одгледувани животни, а сите диви ‘рбетници заедно претставуваат само 3 отсто од тежината. За смртта на големиот австралиски корален гребен и за исчезнувањето на 80 отсто на сите инсекти. За уништувачки топлите океани: според податоците на студијата објавена во списанието *Journal of Mathematical Biology* од 2015 година, во случај нашите океани и натаму да се затоплуваат слично брзо, до 2100 година „ќе запре производството на кислород со фитопланктоните бидејќи ќе биде оневозможен процесот на фотосинтеза што, најверојатно, ќе предизвика масовна смрт на животните и на луѓето.“ За фактот дека Маршаловите Острови Тувалу и Кирибати веќе тонат и дека покрај морскиот брег, еден од темелните фронтални линии на климатските промени, живее 40 отсто од светското население. За фосилните лобија, „црниот холокауст“. За морските текови што се менуваат. За растечките испуштања на јаглен диоксид во атмосферата (за време на пишувањето 418 парчиња на милион). За поларните мечки, кои, додека исчезнува нивниот природен хабитат, пливајќи и по двесте километри, се принудени да ловат...моруни. За ТЕШ 6. За тоа дека цената на последиците за светското стопанство во 2018 година беше 1,2 трилиона долари – приближно 1,6 отсто од глобалниот БДП. За бујното јануарско пролетно цвеќе високо во Алпите. За Доналд Трамп. За климатските бегалци, човечки и животински, кои толку драматично и трагично ќе ја обележат *блиската* иднина и кои, ако сме само малку, навистина малку внимателни, веќе толку драматично и трагично ја обележуваат сегашноста: според податоците на Светската банка од 2018 година до 2050 година само во Азија, Африка и во Латинска Америка, поради последици од климатските промени 143 милиони луѓе ќе бидат принудени да ги напуштат своите домови. За светот што се суши. За светот што ќе го обележат „војни за вода“. За пандемијата на глад: според податоците на Светската здравствена организација во светот моментално гладуваат 265 милиони луѓе. Скоро двапати повеќе отколку пред

една година. Пред пандемијата на ковид-19, која го сопре големиот дел на светското стопанство.

За светот што го познававме и кој брзо исчезнува пред нашите широко затворени очи. За новиот, суштински помалку демократски и помалку отворен свет.

Да, би можел да набројувам до бесконечност, да цитирам дузини научници, да нижам стотици бројки и податоци, да нижам слики, да бетонирам факти, да го објаснувам она што би требало да му биде јасно веќе на секој третоодделенец (многу третоодделенци за последиците од климатските промени, се разбира, знаат многу повеќе од своите родители и нивните родители). Но се плашам дека секое набројување факти е одвишно. Премногу. Сè е кажано премногу пати; а вниманието, големата жртва на денешното време, е папсано намалено. Науката – во врска со климатските промени – е јасна. И единствено науката е компетентна. А од друга страна за убедување, можеби за *месијанство*, е предоцна. Убедување на убедените, тоа ме научи новинарскиот пат, е етички грев.

(Не само) поради губење време.

***

Последици од климатските промени во големиот дел од првиот свет – исто така (или посебно) во географски и климатски привилегираната Словенија – е нешто што им се случува на *другите*. Нешто што нас не нè загрозува – барем не *непосредно* и егзистенцијално. Нешто на што одвај сме способни да се одзвеме. Нешто за што еволуцијата (уште) не нè подготвила. Нешто што локалната и глобалната политика, кои дејствуваат со погон на инстантни, или веќе одамна преживеани идеолошки теми, во голема мера го игнорираат – ако не и негираат. Нешто што упорно – колективно смртоносно – се степенува поради бесконечната доходовност на фосилните горива, односно поради нивните производители, клучната причина за глобалното затоплување. Нешто што нè разделува наместо да нè здружува бидејќи во името на преживување на видот – и видовите – едноставно не можеме веќе да си дозволиме исклучување.

*Нешто* што е тука и сега.

***

Наместо да набројуваме бројки и факти и да нижеме апокалиптични слики, со Матјаж решивме во оваа книга да претставиме заедници и поединци, кои – колку што е можно –

успешно се фаќаат во костец со климатската криза. Заедници и поединци, кои не се препуштиле на општата рамнодушност, арогանција и игнорирање, а, во најдобар случај, чекање (надворешен) *спасител*. Заедници и поединци, кои активно и храбро стојат на клучната фронтна линија на човечноста и почнале да го менуваат својот начин на живеење. Заедници и поединци, кои можат на сите нам – значи на човештвото – да ни понудат знаење, енергија (буквално), искуство и, се разбира, технологија, со која би можеле со целосен локален, регионален и глобален ангажман да ги зауздаме последиците од климатските промени.

Од Тилос, првиот енергетски самоснабдувачки остров во Средоземното Море (сонце и ветер), до геотермалниот и во иднина целосно насочен Исланд. Од, над сѐ, ветувачкиот развој на морската енергија (бранување, плимување) на Оркнејските (Orkneyjski) Острови на североисток на Шкотска, каде што со вишокот електрична енергија произведуваат зелен водород, до австриското гратче Гусинг (Güssing), кое уште пред четвртиот век тргнало по патиштата на енергетско самоснабдување (биомаса) и, во меѓувреме, проследено со силни подеми и падови, станало еден од главните центри на развој на технологии за развој и производство на обновливи извори енергија. Од швајцарското претпријатие *Climeworks*, кое јаглен диоксид црпи непосредно од воздухот и делумно го впрскува во исланското подземје, а делумно го употребува во индустријата (производство на пијалаци и стакларници), до самоснабдувачките скандинавски села. Од целокупниот пат на секој грам литиум од боливиските слатини до кинеските фабрики за електрични автомобили и револуцијата на електричната мобилност во Норвешка и алтернативите на водород. Од инцинераторот за горење одпад во Осло што лови јаглен диоксид, кој настанува при горењето, и има намера на државно рамниште во блиска иднина да го чува во геолошките подморски пештери каде што порано се наоѓаа нафтата и земниот гас, до луѓе, поединци и заедници што стојат зад сите тие, а и многубројни други проекти, кои гласно и јасно викаат дека не смееме, дека никако – и покрај страшните последици од пандемијата за локалното, регионалното и глобалното стопанство – не смееме да губиме надеж.

Тоа е исклучително тешка задача.

Тоа ќе биде исклучително тешка задача.

Но ако не ѝ бидеме дораснати, ќе биде и последна.

***

Навистина е тешко да се поверува дека – тука и сега – сè уште е можно да се спречи катаклизма, односно барем да се ублажи и во најдобар случај да се помести на неопределено време. Човештвото е, меѓу другото, сепак некаков геноцид, екоцид, војн(и), расизам, игра на моќта, насилство, алчност, фиктивни идентитети... По добри две децении известување од сите можни кризни жаришта, од местата на злосторства на човештвото и по детален увид во дејствувањето на глобалната политика и економија, а, пред сè, познавајќи ја човечката природа, моето барање надеж дека постои можност за наша заедничка борба со климатската криза и нашиот животен стил се граничи со когнитивна дисонанција. Преведено: секојдневно барање (професионална) смисла.

*„Пишувачот на своите читатели не им должи надеж. Неговата единствена должност е искреноста. Но сакам, тие што ќе ја земете книгава в раце да знаете дека нејзиниот автор е ангажиран, а не очаен. Кога не би бил, не би се зафатил за ова пишување,“* во својата нова книга *Фалтер (Falter)* напишал легендарниот активист за животна средина и писател Бил Мек Кибен (Bill McKibben).

Не би можел повеќе да се согласам со него.

Имено, таму надвор постојат луѓе и заедници кои секојдневно – и конкретно – ги надминуваат цинизмот и сопствените стравови и несигурности. Бараат, како што се вели, решенија. И во продолжение на судијата, и покрај високиот застој, сè уште се фрлаат под нозе и играат „на полно“.

И така ќе биде до последниот свиреж на судијата. Ова е книга за тие заедници и тие луѓе.

Не е надеж она што умира последно.

Но.

Поради пандемијата неколку месеци се чинеше дека светот стои. Речиси сите медиумски содржини – а и интимни комуникации – беа на некој начин поврзани со вирусот и со неговите последици за државата, за општеството, за здравствениот систем, за стопанството, за школството, за спортот, за културата и за мене/за тебе. Генерациите, родени по Втората светска војна – и во најтоталитарните општества – досега не доживеале толку еднонасочен промет и ограничена перцепција. Последиците од климатските промени во тоа време биле само шум. Речиси егзотика.

Една тема. Ограничено движење. Стеснетост во менталниот инцест. Интимна и колективна тескоба. И покрај тоа, или пак можеби токму за тоа, толку проклето измамничко чувство на присутност во центарот на светот: бидејќи вирусната пандемија ни се случува на сите нам, и тебе и мене. Пред сè тебе и мене. Тоа, проследено со отсуство

на вести за случувањата во светот и со целосно авторитарно наѓубрено никнување на нови (стари) граници и сѐ општо газење на човековите права „во име на здравјето“ ги убива (пре)остатоците на емпатија и ги распаѓа хуманистичките вредности.

Голем дел од светот за неколку месеци се редуцира на стан и екран на компјутер или на мобилен телефон. Во локалниот и глобален, интимен и колективен карантин работите само уште се заострени. До крајни граници; станавме вест за самите себе. И тоа во време на епидемиска нарцисоидност, време над сѐ окрутно за емпатијата, време на *реалити-шоуа*, време на *селфи*, а не на личности.

Локалниот и глобален „коронитис“ уште долго ќе биде главна тема. А и центар на вниманието и на транспарентноста. Кризните жаришта, војните, последиците од климатските услови, природните катастрофи, стопанските падови и геостратегиските потреси, кои веќе гласно чукаат на нашите врати, ќе бидат само споредна тема. *Банер*. При таа помисла се ежам.

Оваа книга е пискот за внимание. Толку може да сторам/сториме. Толку морам(е).